# Анализа на меѓуетничкиот соживот на локално ниво: Индекс на мултикултурализмот

Издавач:

Association for Democratic Initiatives

*Автори на анализата:*
Ристо Карајков
Марија Димитровска

Development Solutions

Лектура: Габриела Петроска

Дизајн: КОНТУРА

Тираж: 400 копии

Citizens for change!

„Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивикамобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат".

Македонски центар за меѓународна соработка
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)

# АНАЛИЗА НА МЕЃУЕТНИЧКИОТ СОЖИВОТ НА ЛОКАЛНО НИВО: ИНДЕКС НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

Резултати од истражување

Гостивар
Декември 2019

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ... 7

1 ИНДЕКС НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ ... 9

1.1 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ... 10

2 ОПШТИНА ТЕТОВО ... 18

2.1 ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ... 18

2.2 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ ... 19

2.3 ИНТЕГРАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ ИНТЕРКУЛТУРНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ... 21

2.4 КУЛТУРА ... 23

2.5 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ... 24

2.6 ЗАКЛУЧОК: ИНДЕКСНА ОЦЕНА И ПРЕПОРАКИ ... 26

3 ОПШТИНА БРВЕНИЦА ... 29

3.1 ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ... 29

3.2 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ ... 30

3.3 ИНТЕГРАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ ИНТЕРКУЛТУРНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ... 33

3.4 КУЛТУРА ... 34

3.5 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ... 35

3.6 ЗАКЛУЧОК: ИНДЕКСНА ОЦЕНА И ПРЕПОРАКИ ... 37

4 ОПШТИНА ГОСТИВАР ... 40

4.1 ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ... 40

4.2 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ ... 42

4.3 ИНТЕГРАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ ИНТЕРКУЛТУРНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ... 43

4.4 ПОСТОЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ/ОРГАНИЗАЦИИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРОМОЦИЈА НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ПРЕКУ КУЛТУРАТА ............... 46

4.5 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ....................... 47

4.6 ЗАКЛУЧОК: ИНДЕКСНА ОЦЕНА И ПРЕПОРАКИ ................................ 51

5 ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ .................................................................... 55

5.1 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ ................ 56

5.2 ИНТЕГРАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ ИНТЕРКУЛТУРНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ..................................................... 57

5.3 КУЛТУРА ........................................................................................ 59

ВО РАМКИ НА ОПШТИНАТА ДЕЈСТВУВА ЕДНА КУЛТУРНА ИНСТИТУЦИЈА – ДОМ НА КУЛТУРАТА „ШОТА", ВО СЕЛО НЕГОТИНО. ПОВЕЌЕТО КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА СЕ ОРГАНИЗИРААТ ВО РАМКИ НА ОВАА УСТАНОВА. ........................................................................... 59

5.4 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА ....................... 59

5.5 ИНДЕКСНА ОЦЕНА И ПРЕПОРАКИ ................................................ 61

6 АНЕКС 1. ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ КОНТАКТИРАНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................................ 64

# Вовед

Развивањето на односите меѓу етничките заедници подразбира континуирано институционално и персонално вложување во капацитетите за интеркултурна комуникација и соработка меѓу граѓаните од различни заедници и институциите. Република Северна Македонија, како земја која речиси две децении формално е посветена на унапредувањето на правата на различните етнички заедници, има должност и обврска да создаде овозможувачки услови за развивањето на односи на прифаќање, соживот и соработка меѓу заедниците.

Сепак, процесот на развивање на мултикултурното разбирање не претставува еднонасочен процес и има потреба од континуирана рефлексивност и анализа на влијанието на политиките и иницијативите врз соживотот во пракса.

По повеќе од деценија и половина од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор стана јасно, дека политиките за унапредување на правата на заедниците не нужно мора да продуцираат и односи на соживот и дека без континуирано и целисходно развивање на интеркултурните капацитети кај заедниците состојбите може да уназадуваат до степен на создавање поделено општество. Сегрегацијата во образовниот систем на сите нивоа, поддржувана низ повеќе од деценија, полека започна да се напушта, а првите иницијативи за развивање на интеркултурните компетенции на учениците, како и постепеното градење на односи на блискост беа иницирани и се реализираат со различна динамика и интензитет низ образовните институции во земјата. Дополнително, повеќе чинители на локално ниво – локалните власти, јавните институции и приватниот сектор, граѓанскиот сектор на различни начини и во различен степен се ангажирани по ова прашање.

Целта на овој извештај е да ги презентира резултатите од истражувањето на степенот на развиеност на односите меѓу различните етнички заедници во четири општини поддржани и поттикнати од страна на локалните власти. Во рамки на

истражувањето беше направен обид да се конструира т.н. индекс на меѓуетнички соживот, како методолошка алатка чија применливост ќе го надминува примерокот на ова истражување и ќе овозможи широка апликабилност за анализа на односите меѓу различните заедници на локално ниво во земјата и нивно следење низ подолг временски период. Истражувањето е реализирано во рамки на проектот *Локални мрежи за мултикултурализам*, кој го имплементира Асоцијацијата за демократски иницијативи, а е поддржан од програмата Цивикамобилитас.

Општините опфатени со ова истражување – Тетово, Брвеница, Гостивар и Врапчиште, претставуваат специфични микросредини во кои односите меѓу различните заедници се развиваат под влијание на различни фактори – демографска дистрибуција на населението, етничка структура на населените места, големината и видот на општината (големи и урбани наспроти мали и рурални), степенот на развиеност на различни видови јавни институции и граѓанско општество, историски односи меѓу заедниците и слично. Токму поради ова, беше вистински предизвик да се развие модел кој ќе одговори на спецификите на овие средини и соодветно и ќе ги „мери” состојбите во согласност со капацитетите на заедниците, а нема да ги „казнува” поради околности кои ги надминуваат нивните ингеренции. Секоја од целните општини има долга историја на мултикултурност, во која односите меѓу заедниците се развивале со децении и векови. Резултатите кои се презентирани во поглавјата што следат ги анализираат односите меѓу заедниците во период од една година. Имено, идејата зад формулирањето на оваа методолошка алатка – индекс на мултикултурализмот е да се овозможи следење на динамиката на овие односи низ подолг временски период, но и да овозможи споредба меѓу општините врз основа на објективни критериуми.

Поглавјата што следат ги презентираат резултатите и главните заклучоци од истражувањето. Првото поглавје е посветено на презентирање и образложување на истражувачката методологија; од второто до петтото поглавје презентирани се резултатите за истражувањето реализирано во општините Тетово, Брвеница, Гостивар и Врапчиште со заклучоци и препораки.

# 1 Индекс на мултикултурализам

Мултикултурноста, како факт во повеќето општества, подразбира посветеност на градењето односи на соработка и кохезија, како клучна претпоставка за стабилност и напредок на заедниците.

Развивањето на овие односи претставува значаен приоритет за благосостојба и опстојување на општествата. Сепак, во последните децении мултикултурниот карактер на македонското општество презентира нови предизвици во поглед на одржувањето на внатрешната кохезија. Во тој контекст, создавањетоусловизамеѓуетничкисоживотстануваваженусловзаодржувањет онавнатрешнатастабилност и развојотнадемократијатавоземјата, додека идентификувањето на клучни сфери во чии рамки е потребна интервенција се наметнува како потреба.

Развивањето објективни и релевантни инструменти за оценка на развојот на мултикултурализмот претставува чекор во насока на развивање сеопфатна рамка за следење на состојбите во поглед на напредокот во мултикултурното живеење во повеќе области. Индексите претставуваат широко применувани композитни инструменти кои овозможуваат објективно мерење на одредени феномени, идентификување на сфери каде е потребна акција и споредба меѓу состојбите според објективни критериуми во различни заедници. Во последните неколку децении се забележува зголемен интерес за примена на индексите при утврдувањето на степенот на напредок што заедниците го прават во рамки на различни сфери на животот. Меѓу попознатите може да се наведат Индексот на човековиот развој (Human Development Index), Слобода на медиумите (Freedom of the Press), ОЕЦД Индекс на подобрен живот (OECD Better Life Index) и други. Во обидот да се обезбедат објективни сознанија за комплексни појави, покрај квантитативните методи и податоци, истражувачите сè почесто имплементираат и квалитативни методи и податоци.

Индексот претставува композитен инструмент кој агрегира резултати според повеќе индикатори. Целта на индексите во општествените истражувања е да ги сумираат и рангираат конкретните опсервации во одредена сфера. Индикаторите претставуваат карактеристики кои можат да бидат измерени и кои се оценети како објективни показатели на одреден аспект на општествената реалност.

Индексот на мултикултурализмот претставува еден од првите обиди да се создаде објективна методолошка алатка за следење на развојот на односите меѓу заедниците на локално ниво. Методологијата елаборирана во прилог на ова поглавје настојува да обезбеди применливост на методот низ

различни средини и да овозможи следење на состојбите низ времето и меѓу општини.

## 1.1 Цел на истражувањето и методолошки пристап

Целта на истражувањето е развивање на индекс на мултикултурализам и негова примена за оценка на степенот на развиеност на меѓуетничките односи во четири целни општини – Тетово, Брвеница, Гостивар и Врапчиште.

Ова истражување претставува еден од првите обиди развојот на меѓуетничките односи во земјата да биде систематски анализиран, односно да се формира индекс на мултикултурализам, кој ќе обезбеди објективни сознанија за различните форми на организација на односите меѓу етничките заедници. Индексите како композитна мерка за истражување комплексни состојби, кои се манифестираат во различни домени и се врзани за заемното дејство на повеќе засегнати страни, добиваат сè поголемо значење во општествените истражувања.

Индексот на мултикултурализам е формулиран на ниво на општина. Во рамки на ова истражување вклучени се четири, изразито мултикултурни општини – Тетово, Брвеница, Гостивар и Врапчиште.

Имајќи ја превид комплексноста на предметот на истражувањето и специфичните околности во поглед на достапни податоци, за реализација на истражувањето беше применета комбинација од квантитативни и квалитативни методи. Овој методолошки пристап е особено корисен кога се работи на експлоративни истражувања (истражувања кои треба да добијат иницијални сознанија за одредена состојба), како и за добивање на продлабочени информации за предметот на интерес, особено ако се има предвид дека во подготвителната фаза на истражувањето беше воочено дека јавно достапни, квантитативни податоци за различни аспекти на дејствувањето на локални релевантни чинители се малку достапни.

Во подготвителната фаза од истражувањето се работеше на дефинирањето на клучни сфери кои ќе бидат опфатени при анализата на мултикултурниот соживот во целните општини. Подолу се презентирани четири клучни сфери кои беа опфатени со истражувањето:

- локална самоуправа и пристап до јавни услуги,
- интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем,
- култура,
- граѓанско општество и социјална кохезија.

За секоја од наведените сфери беше формулиран сет од индикатори, односно показатели на степен на исполнетост на индикаторот. Врз основа на податоците собрани во рамки на истражувањето, за секој од наведените индикатори општините беа оценувани на скала од 1-7, каде 1 означува „воопшто не е исполнет индикаторот", додека 7 означува „индикаторот е исполнет во целост". Изборот состојбите да бидат евалуирани на скала од седум степени беше направен со цел да се овозможи подетално нотирање на разликите меѓу општините. Финалниот индекс на мултикултурализам претставува просечна вредност на вредностите на индикаторите.

Сфера: Локална самоуправа и пристап до јавни услуги

Индикаторот „нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува" имаше за цел да утврди дали и до кој степен локалната власт ги применува законите кои се однесуваат на правата на етничките заедници на локално ниво. Во рамки на овој индикатор се настојуваше да се утврди дали Општината има формирано Комисија за односи меѓу заедниците (дали според законска обврска или на сопствена иницијатива) и нејзиното функционирање (каков е составот на Комисијата (дали има членови од Општинскиот совет или е составена од надворешни членови), дали се одржуваат состаноци, дали се почитува законската рамка за консултирање на КОМЗ при носење на одлуки кои ги засегаат етничките заедници на локално ниво, дали се издвојуваат средства за поддршка на работата на КОМЗ, дали се вложува во градење на капацитетите на членовите на КОМЗ, соработка на КОМЗ со други засегнати страни). Во рамки на овој индикатор се настојуваше и да се утврди дали се почитува законската рамка за користењето на јазиците на етничките заедници, како и застапеност на различните заедници во општинските органи.

Индикаторот „локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво" се однесува на постоењето на стратегии, планови и други систематски заложби на локалните власти за унапредување на односите меѓу заедниците на локално ниво, како и посветеност на нивна имплементација.

Индикаторот „обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници" се однесува на постоењето на еднаков пристап до јавни услуги на граѓаните од различни етнички заедници.

Индикаторот „постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот" се однесува на (не)постоењето и степенот на развиеност на соработката меѓу локалните власти со други засегнати чинители на полето на унапредување на односите меѓу заедниците (граѓански сектор, образовни институции, бизнис сектор, јавни институции) преку соработка на проекти, обезбедување поддршка за активностите на

релевантни локални чинители на полето на мулти-културализмот, консултација на засегнатите страни во процесите на носење одлуки кои се од интерес за проблемот на односите меѓу заедниците итн.

**Сфера: Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем**

Индикаторот „нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува" се однесува на почитување на законската рамка за основно, средно и високо образование во контекст на правото на образование на мајчин јазик.

Индикаторот „примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование" се однесува на сообразноста на локалните образовни институции со заложбите од Стратегијата за образованието 2018 - 2025 година, како и вклученоста и активностите кои се реализираат во рамки на проектите за меѓуетничка интеграција во образованието на Министерството за образование и наука.

Индикаторот „фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности" се однесува на активностите во рамки и надвор од наставата наменети за зближување на учениците од различни етнички заедници во образовните институции во општината, колку често се организираат, каков вид активности се имплементираат, кои од овие активности се реализираат на иницијатива на самите образовни институции, а колку се дел од обврски кон МОН.

Индикаторот „имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот" се однесува на (не)постоењето на посебни програми на образовните институции кои се однесуваат директно на развивање на односите меѓу ученици од различни етнички заедници, постоењето средства за реализација на овие програми, степен на реализација на програмите.

Индикаторот „посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата" се однесува на (не)постоење пракса за инкорпорирање на содржини и теми од областа на односите меѓу заедниците, градење на културна сензитивност и интеркултурни компетенции во рамки на редовната настава на учениците. Се настојуваше да се утврди дали постои ваква пракса, по кои предмети, од што е условено нејзиното применување и слично.

**Сфера: Култура**

Индикаторот „постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата" се однесува на (не)постоењето на институции (под ингеренција на Општината, на Министерството за култура, приватни институции или граѓански организации)

кои имплементираат активности за унапредување на односите меѓу заедниците преку културата и уметноста.

Индикаторот „фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за меѓуетничко зближување" се однесува на бројот (колку често вакви настани се организираат на локално ниво) и видот на културни активности кои имаат за цел продлабочување на односите меѓу заедниците.

Индикаторот „соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот" се однесува на (не)постоење на соработка меѓу институциите од културата и други релевантни чинители на локално ниво (локални власти, граѓански организации, соработка со институции од други делови на земјата, соработка со бизнис заедницата) преку заеднички проекти, поддршка за организација на културни настани, инволвирање во процеси на носење одлуки.

**Сфера: Граѓанско општество и социјална кохезија**

Индикаторот „посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот" се однесува на (не)постоење на чинители во рамки на граѓанскиот сектор што на локално имплементираат активности за унапредување на односите меѓу заедниците, степен на развиеност на локалниот граѓански сектор.

Индикаторот „фреквенција на активности / проекти проекти / активности за промоција на мултикултурализмот" се однесува на бројот (на годишно ниво) и видот на активности и проекти што се реализираат од страна на граѓанскиот сектор, а се посветени на промоција на мултикултурализмот на локално ниво.

Индикаторот „постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам" се однесува на (не)постоење на соработка меѓу локалниот граѓански сектор со други релевантни чинители на локално ниво (локалните власти, обра-зовните институции, бизнис секторот, културните институции) на полето на активности за промоција на мултикултурализмот, како и видот на оваа соработка (комуникација, поддршка на проекти, заеднички проекти и слично).

Индикаторот „фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците" се однесува на (не)постоењето и видот (доколку постои) на социјалната дистанца меѓу граѓаните од различни етнички заедници на локално ниво, фреквенцијата на контакти меѓу различните заедници, видот на контакти и комуникација што се остварува меѓу граѓаните од различни етнички заедници.

Сферите и индикаторите се презентирани во табелите во прилог на ова поглавје:

| | |
|---|---|
| Локална самоуправа и пристап до јавни услуги | **Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува, (функционирање на Комисија за односи меѓу заедниците, примена на законската рамка за употреба на јазиците на различните етнички заедници).** |
| | Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво |
| | Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници. |
| | Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. |
| | |
| Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем | **Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува.** |
| | Примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование. |
| | Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности. |
| | Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот. |
| | Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата. |
| | |
| | |
| Култура | **Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата.** |

| | |
|---|---|
| | Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за меѓуетничко зближување. |
| | Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. |
| | |
| | |
| | **Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот.** |
| | Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. |
| Граѓанско општество и социјална кохезија | Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам. |
| | Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците. |

Изборот на методи и техники за собирање податоци беше условен од природата на истражувањето, но и специфичните околности за негова реализација. Појавата што е предмет на истражувањето е комплексна, што се манифестира врз изборот на методи кои можат да обезбедат продлабочени сознанија за активностите на различни актери. Дополнително, изборот на методи беше условен и од фактот што исклучително малку податоци за овие активности се јавно достапни, особено во поглед на достапноста на релијабилни квантитативни податоци.

Во рамки на процесот на собирање податоци беа анализирани јавно достапните информации (законска рамка, локални политики, стратешки документи, програми за работа, извештаи за буџетски средства, посебни извештаи и слично) од локалните власти, јавни институции, граѓански организации и други засегнати чинители. Во поглед на податоци за демографската структура на населението во целните општини беа користени податоци од Државниот завод за статистика. Дополнително, беа анализирани посебни извештаи и вести кои се однесуваат на предметот на истражувањето.

Со цел да се добијат повеќе сознанија за активностите за клучните институции на локално ниво, од аспект на нивниот ангажман на полето на унапредување на односите меѓу етничките заедници, беа реализирани длабински интервјуа со претставници од повеќе институции. Изборот на соговорниците беше условен од обемот и квалитетот на информациите што може да се добијат од носители на одредени позиции (пред сè, интервјуа беа реализирани со раководниот кадар на посочените институции[1]). Длабински интервјуа беа реализирани со претставници од единиците на локалната самоуправа, образовните институции во рамки на општината, јавните претпријатија и бизнис заедницата, како и граѓанскиот сектор. Во процесот на собирање податоци, длабински интервјуа беа реализирани со 4-6 претставници од секоја општина.

Со цел да се прошири листата на соговорници, беше реализиран и анкетен прашалник со прашања од отворен и затворен тип меѓу релевантни чинители од четирите целни општини. Инструментот за реализација на анкетното истражување ги содржи следните блокови прашања:

- прашања за демографскиот контекст во целните општини;
- прашања за локалните политики, иницијативи и структури за поддршка и развој на мултикултурниот соживот на локално ниво. Овој блок прашања содржеше посебни подблокови прашања за различните групи релевантни чинители: локална самоуправа, образование, јавен сервис, граѓански сектор, бизнис сектор, култура;
- прашања со кои се истражува степенот на развиеност на интеркултурните компетенции, еднаквост, недискриминација и партиципативност кај resподентите.

Прашалникот содржи прашања од затворен и отворен тип. Имајќи ги предвид искуствата со самостојно пополнување на анкетен прашалник со отворени прашања (одговори се избегнуваат или се даваат кратки одговори) овој прашалник беше реализиран по телефонски пат со претставници на институциите чии активности беа опфатени со истражувањето. Во зависност од бројот на идентификувани чинители, анкетирани беа 4-6 претставници од засегнатите институции во секоја општина.

Конечно, во насока на утврдување на перцепциите на граѓаните во поглед на односите меѓу различните етнички заедници беше реализиран прашалник со мал примерок граѓани (20 испитаници по општина) од целните општини. Анкетата со граѓани немаше за цел да обезбеди репрезентативност на

[1]Институциите што беа контактирани за потребите на ова истражување по општина се презентирани во Анекс 1, на крајот од овој документ.

перцепциите според демографскиот профил на општината, туку да ги утврди главните тенденции кај граѓаните од различни етнички заедници, а воедно и да овозможи увид во тоа на кој начин активностите на различните актери на локално ниво имаат влијание врз граѓаните. Во рамки на овој анкетен прашалник, кој претежно содржеше прашања од затворен тип, беа вклучени прашања за социјална дистанца, видови интеракција која се остварува со претставниците од другите заедници, (не)познавање и/или (не)прифаќање на културната различност.

Процесот на собирање податоци се реализираше во месеците ноември и декември 2019 година.

Податоците од анкетното истражување беа внесени во база на податоци и статистички обработени. Податоците добиени низ прашања од отворен тип беа предмет на квалитативна анализа. Индексните оценки беа формирани врз основа на експертските мислења на двајца истражувачи кои го реализираа истражувањето. Критериумите за донесување на индексните оцени беа предмет на усогласување, а финалните индексни оцени беа формирани со консензус од истражувачите.

Поглавјата што следат ги презентираат клучните сознанија и резултати за целните општини, според анализирани сфери и индикатори. Секое поглавје содржи заклучни согледувања во чии рамки се презентираат оценките според индикатори и индексната оценка со образложенија и препораки.

# 2 Општина Тетово

## 2.1 Профил на општината

Општина Тетово се наоѓа во Полошкиот регион и е една од најголемите општини по број на жители во земјата. Општина Тетово е мултиетничка општина, во која според пописот од 2002 година живеат 86.580 жители – 60.886 Албанци, 20.053 Македонци, 1.882 Турци, 2.357 Роми и 1.415 други[2].




Центар на општината е градот Тетово, мултиетничка средина во која низ долг историски период заедно живеат граѓани од различна етничка и верска припадност. Како што може да се види од картата за дистрибуција на населението според етничката припадност, со исклучок на градот Тетово, најголем дел од населените места се со хомоген етнички состав, што го нагласува значењето на градот Тетово како средина за интеракција и зближување на граѓаните од различни етнички заедници.

*Приказ 2. Етничка дистрибуција на населението во населените места[3].*

[2]Податоци од Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.
[3]Извор: Демографска карта на општина Тетово на македонски, достапна на: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D




## 2.2 Локална самоуправа и пристап до јавни услуги

### 2.2.1 Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува

Со Општина Тетово раководи градоначалник и Совет составен од 31 советник. Службени јазици во општината се македонскиот и албанскиот јазик. Од увидот во информациите достапни на веб страницата на општината, сите информации беа достапни на двата јазици. Согласно со Законот за локална самоуправа[4] (2004) општините во кои најмалку 20% од населението припаѓа на етничка заедница која не е мнозинска во општината, имаат обврска да формираат Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ). КОМЗ на Општина Тетово е составен од 7 членови, претставници на различните заедници што живеат во општината. Членовите на КОМЗ на Тетово не се избираат од редот на советниците – сите членови се надворешни членови. Од податоците добиени по пат на анкета и интервјуа со претставниците на локалната самоуправа и КОМЗ може да се констатира дека функционирањето на КОМЗ е повеќе формално отколку суштинско. Во рамки на општинскиот буџет не се издвојуваат посебни средства за поддршка на работата на КОМЗ, а општината не е во можност да обезбеди ниту простории за да го олесни функционирањето на ова тело. Беше констатирано незадоволство од третманот на ова тело, чии мислења не се обврзувачки за Советот на

---

0%B0_%D0%A2%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B2%D0%BE#/media/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:Ethnic_groups_of_Tetovo_Municipality.svg

[4]Закон за локалната самоуправа, ("Службен весник на Република Македонија" бр.5 од 29 јануари 2002)

Општината. Членовите на КОМЗ имаат соработка со други чинители на локални ниво, пред сè со граѓанскиот сектор, имаат учествувано во активности за градење на капацитетите. Сепак, постои превалентно мислење дека токму необлигаторниот статус на одлуките на КОМЗ има клучно влијание за недостигот од поддршка за ова тело.

### 2.2.2 Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво

Како резултат на соработката со граѓанскиот сектор, Општина Тетово има усвоено стратешки план за унапредување на меѓукултурното разбирање. Стратешкиот план предвидува посебен фокус на активности кои промовираат мултикултурализам во сферите на културата, образованието, спортот, како и зајакнување на постоечките институции во насока на развивање односи на соживот меѓу заедниците.

Од општината беа информирани за донесената стратегија за унапредување на мултикултурното разбирање. Донесена е годинава, иако не е објавена на веб страницата на општината и има важност од пет години.Поради фактот што стратешкиот документ е влезен во сила годинава, соговорниците не можеа да обезбедат информации за степенот на имплементација на активностите од акцискиот план.

Според соговорниците, планот главно се однесува на училиштата, а општината врши мониторинг над имплементацијата. Од соговорниците наведено е дека иако во општината има идеи за тоа како може дополнително да се подобрува меѓуетничкиот соживот (главно се фокусирани на младите и преку образовниот систем), главниот проблем за ставање во пракса на овие идеи е недостигот од финансиски средства.

### 2.2.3 Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот

Индиректно се поддржуваат вакви иницијативи кај граѓанскиот сектор, преку годишни конкурси за финансирање на проекти во различни домени (култура, спорт, социјална заштита). Во рамки на Буџетот за 2019 година објавен на веб страницата на Општината, предвидените трошоци изнесувале 9 милиони денари[5]. Информации за повици за доделување финансиска поддршка на граѓански организации се објавени на веб страницата на Општината. Општина Тетово има објавено Конкурс за доделување на средства на граѓански организации за 2019 година, но не е наведен вкупниот износ на средства алоцирани во рамките на овој повик. На веб страницата не

[5]Буџет на Општина Тетово за 2019 година, достапен на: https://www.tetova.gov.mk/docs/buxhet2019m.pdf

се презентирани информации ниту за поддржаните проекти, па следствено не може да се утврди во колкав обем станува збор за проекти кои директно се однесуваат на унапредување на односите меѓу различните етнички заедници. Во поглед на соработката на локалните власти со релевантни чинители на локално ниво беше изразено задоволство од претставниците на Општина Тетово, при што беше сугерирано дека е потребна поголема медиумска покриеност на активностите кои се насочени кон унапредување на мултикултурализмот на локално ниво.

## 2.3 Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем

Во рамки на општината функционираат повеќе основни и средни училишта, како и два универзитети.

Основни училишта:

- ОУ „Беса",
- ОУ „Перпарими",
- ОУ „Реџеп Вока",
- ОУ „Рилиндја",
- ОУ „Скендербеу",
- ОУ „Андреа Савевски-Ќиќиш",
- ОУ „Кирил и Методиј",
- ОУ „Наим Фрашери",
- ОУ „Гоце Делчев",
- ОУ „Истикбал",
- ОУ „Лириа",
- ОУ „Братство-Миѓени".

Средни училишта:

- СУ „Ѓоце Стојчевски",
- СОУ „Моша Пијаде",
- СОУ „Никола Штејн",
- СОУ „Кирил Пејчиновиќ",
- СУ „8 Септември".

Во рамки на општината дејствуваат и два универзитети – Државниот Универзитет на Тетово и Универзитетот на Југоисточна Европа.

### 2.3.1 Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува

Соговорниците од образовниот сектор понудија информација дека иако односите меѓу заедниците се генерално стабилни (не одлични), дневнополитичките случувања имаат влијание врз блискоста меѓу различните заедници.

Во поголем дел од училиштата во општината наставата се реализира на повеќе наставни јазици (албански јазик и македонски јазик). Сепак, во поглед на можноста учениците да се среќаваат и дружат на училиште постојат различни практики. Во основното училиште „Кирил и Методиј" учениците од различни етнички заедници учат во ист објект и во мешани смени. Ова не е пракса кај повеќе училишта, кај кои училишните смени се организирани според јазикот на кој се изведува наставата.

### 2.3.2 Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности

Соговорниците наведоа дека во наставните програми е воведена задолжителна интеграција во рамки на различни предмети. Ова се реализира преку одржување на наставни часови со спојување на паралелки на ученици од различни етнички заедници. Дополнително, вакви активности се организираат при одбележување на патронати и други празници, при што учениците презентираат различни аспекти на својата култура.

### 2.3.3 Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот

Бирото за развој на образованието предвидува задолжителна изработка на програма за поттикнување на меѓукултурна интеграција меѓу учениците. Некои од соговорниците изјавија дека овој процес најмногу е препуштен на самите наставници, на чија одговорност е да идентификуваат содржини кои може да се погодни за интегрирана настава. Во дел од училиштата учениците имаат заеднички секции (ликовни, драмски) и учествуваат на спортски натпревари.

### 2.3.4 Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата

Во поглед на степенот на посветеност на развивање интеркултурни компетенции кај учениците соговорниците изразија задоволство од степенот на интегрираност на вакви содржини во рамки на редовната настава и нагласија дека оваа компонента претставува интегрален дел од годишните планови во училиштето.

Во дел од училиштата, како на пример ОУ „Кирил Пејчиновиќ", воведени се јазиците на останатите етнички заедници за изучување кај учениците кои настава следат на македонски јазик, што претставува еден од чекорите за надминување на јазичните бариери меѓу учениците од различни заедници. Беше нагласена потребата од поголема поддршка за соработка со училишта од другите делови на земјата, особено со училишта со етнички хомоген состав на ученици, во насока на градење соработка преку здружени активности на учениците за нивно меѓусебно запознавање.

## 2.4 Култура

### 2.4.1 Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата

Во рамки на општината функционираат неколку институции во доменот на културата:

- Национална институција Центар за култура,
- Визуелна уметничка галерија Тетово,
- Библиотека Кочо Рацин,
- Тетовски театар.

Во рамки на институциите од културата соработката меѓу различните заедници се одвива непречено. Сепак, мора да се напомене дека оваа соработка е во дел условена и од достапните финансиски средства во буџетите на институциите од културата, кои варираат. Потребно е да се нагласи дека во овој поглед влијание имаат и политиките на централно ниво бидејќи дел од институциите од доменот на културата се финансираат од страна на буџетот на општината, додека Центарот за култура, како национална институција, се финансира од страна на Министерството за култура.

Балетското студио во склоп на Центарот за култура функционира со групи со мешан етнички состав. Литературниот клуб исто така функционира во мешан етнички состав.

### 2.4.2 Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за меѓуетничко зближување

Сепак, нема посебни проекти кои се однесуваат специфично на оваа цел, односно се настојува да се обезбеди поголемо зближување на заедниците во рамки на редовните активности на Центарот. Пријави за проекти од ваков вид биле испраќани до Министерството за култура, но досега не добиле поддршка за нивните идеи.

Впечатливо е дека релативно често (повеќе пати годишно) се организираат културни настани во општината, на кои учество земаат уметници од различна етничка припадност.

2.4.3 Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот

Финансиите се истакнуваат како главен предизвик за поинтензивно вложување во културни настани и активности кои би биле ставени во функција на продлабочување на односите меѓу различните етнички заедници. Дополнително, финансиите се бариера и за поквалитетно организирање на тековните настани, односно создавање на услови за запознавање и соработка меѓу учесниците, која завршува со завршувањето на настапот. Дополнителна соработка и координација меѓу засегнатите чинители на локално ниво и централно ниво би овозможила поголем квантитет и квалитет на иницијативите во доменот на културата.

## 2.5 Граѓанско општество и социјална кохезија

2.5.1 Посветеност на проекти /активности за промоција на мултикултурализмот / Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам

Во рамки на општината функционираат повеќе граѓански организации кои во своето дејствување работат врз приближувањето на различните етнички заедници. Дел од овие организации имплементираат активности со поддршка од локалната власт, но и со поддршка на странски организации. Во рамки на интервјуата и анкетниот прашалник кој беше реализиран со дел од граѓанскиот сектор, во општината беше изразено умерено задоволство од достапноста на извори за финансирање акции посветени на продлабочување на мултикултурализмот. Дел од нив објаснија дека во услови кога нема видливи конфликти меѓу етничките заедници, темите врзани за односите меѓу етничките заедници не котираат високо на агендата на донаторите.

2.5.2 Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот

Граѓанските организации нагласија дека соработката со КОМЗ на Општина Тетово е речиси непостоечка и изразија незадоволство од степенот на подготвеност за соработка и проактивност на ова тело на полето на меѓуетничките односи во општината. Беше изразено задоволство од

соработката со училиштата која се реализира на иницијатива на двете страни.

Во поглед на тоа како се развиваат односите меѓу етничките заедници, испитаниците во анкетата доминантно сметаат дека остануваат исти, но подеднаков висок процент изјавиле дека овие односи се подобриле во изминатата година. Во рамки на анкетата со граѓани беше анализиран и ставот на испитаниците околу учењето на јазик на друга заедница. За мнозинството испитаници ова е прашање на избор, додека мал дел сметаат дека ова треба да биде задолжително. Сепак, една четвртина од граѓаните сметаат дека познавање на јазиците на другите заедници е непотребно. Повеќе од две третини од испитаниците сметаат дека во општината владеат односи на мирољубив соживот и соработка; сепак, една четвртина од испитаниците одговориле дека овие односи се воздржани, па дури и непријателски.

### 2.5.3 Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците

Мал процент од испитаниците одговориле дека секојдневно, во приватната сфера се дружат со лица од друга етничка заедница; почесто интеракцијата се одвива на работното место или по повод прашања што ја засегаат заедницата. Големо мнозинство од испитаниците изјавиле умерено задоволство кога станува збор за почитувањето на правата на нивната заедница во општината и најчесто сметаат дека правата на другите заедници се почитуваат повеќе.

Кога станува збор за етничките заедници што ги сметаат за блиски, за испитаниците Македонци најблиска е албанската заедница, по неа српската, а најмалку блиски ги сметаат ромската и турската заедница. Испитаниците Албанци, за најблиски ги сметаат Македонците и Турците, а најмалку блиски Србите и Ромите. Етничка дистанца кај мал дел од испитаниците постои во поглед на живот во етнички хетерогено соседство и во поглед на можноста за етнички мешани бракови. Поголема дистанца се пројавува кон помалите заедници, како Србите и Ромите.

Кога станува збор за перцепциите на граѓаните околу влијанието на различни локални институции на полето на односите меѓу заедниците, испитаниците ги издвоиле граѓанските организации и верските заедници како институции кои придонесуваат кон унапредување на односите меѓу заедниците. Локалната самоуправа не е перцепирана како институција која има влијание врз овие односи, додека политичките партии и медиуми се оценети како актери кои имаат неповолно влијание/ги влошуваат односите меѓу заедниците.

## 2.6 Заклучок: индексна оцена и препораки

| Општина Тетово | 5 |
|---|---|
| Локална самоуправа и пристап до јавни услуги | 5 |
| Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува. | 5 |
| Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво. | 4 |
| Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници. | 6 |
| Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем | 5 |
| Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува. | 7 |
| Примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование. | 4 |
| Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности. | 5 |
| Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата. | 4 |
| Култура | 4,7 |
| Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата. | 5 |
| Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за интеретничко зближување. | 5 |
| Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 4 |
| Граѓанско општество и социјална кохезија | 5,3 |
| Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 6 |
| Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 6 |
| Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам. | 5 |
| Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците. | 4 |

Сите соговорници нагласија дека во општината нема видливи конфликти меѓу заедниците, што не значи дека отсуството на вакви настани укажува дека односите се на оптимално ниво. Иако генерално земено сите интервјуирани и анкетирани учесници нагласија дека постои миролјубива кохабитација, евидентна е потребата континуирано да се работи на унапредување на меѓуетничките односи. Потребно е мултикултурализмот како концепт да биде земен предвид до градењето на локалните политики во

општината и за прашања кои навидум не се однесуваат директно на односите меѓу заедниците. Во оваа насока, неопходно е промовирање на улогата на КОМЗ како тело кое ќе биде активен и релевантен фактор на полето на унапредување на односите меѓу заедниците, преку обезбедување на услови за функционирање на КОМЗ (простории, буџет), вклучување на КОМЗ во процесите на носење одлуки на локално ниво, градење на капацитетите на членовите на КОМЗ. Во составот на ова тело членуваат лица кои во рамки на граѓанскиот сектор активно учествуваат во промовирање на мултикултурализмот, поседуваат соодветно знаење и искуство и можат да придонесат кон формулирање и насочување на локални иницијативи кои би направиле позитивен чекор во овој правец. Индикативен е податокот што во анкетата со граѓани локалната самоуправа не е сметана за актер кој активно работи на унапредување на меѓуетничките односи. Интензивирањето на ангажманот на локалната самоуправа, особено преку КОМЗ, ќе придонесе не само кон поголемо вклучување на различните заедници во процесите на носење одлуки, туку и ќе овозможи поголема координација и соработка со другите релевантни чинители на локално ниво.

Во рамки на образованието, неопходно е да се напушти праксата на образовна сегрегација во различни смени, чекор кој веќе успешно функционира во неколку училишта во општината. Во оваа насока, локалната самоуправа потребно е да обезбеди поддршка на образовните институции за квалитетна имплементација на принципите на меѓуетничка интеграција во образованието, развивање на механизми за нивно систематско следење и евалуација. Ова ќе овозможи утврдување на реалните ефекти од овие иницијативи и ќе придонесе за поефективно дефинирање/насочување на идните напори. Повеќе училишта во општината успешно реализираат иницијативи за зближување на заедниците. Развивањето на соработката со училишта од други општини во земјата, но и меѓу училиштата во општината ќе овозможи полесен трансфер на добри пракси и повисоко и поквалитетно вклучување на сите образовни институции во напорите за создавање интегриран образовен систем.

На полето на културата, зајакнувањето на соработката меѓу локалните власти, локалниот граѓански сектор и институциите од културата би овозможило унапредување на квантитетот и квалитетот на културни манифестации кои ќе промовираат уште една сфера на зближување на граѓаните од различни заедници. Во оваа насока, развивањето на соработката со граѓанските организации може да придонесе кон зголемување на ефективноста и влијанието на напорите на сите засегнати страни за приближување на заедниците преку културата и уметноста, не само преку културни настани кои ја промовираат различноста и учењето за културно различниот (манифестации со доминантен фокус на фолклор), туку

и преку настани кои ќе промовираат интеркултурна комуникација и соработка преку уметноста и заедничките интереси. Видливоста на овие настани не треба да биде ограничена на ограничен круг почитувачи на уметноста, туку да има широк опфат на граѓани, кои ќе можат и да учат да соработуваат преку овие различни форми на комуникација и соработка.

# 3 Општина Брвеница

## 3.1 Профил на општината

Општина Брвеница е лоцирана во северозападниот дел на земјата. Основана во 1996 година, општина Брвеница е рурална општина која во својот состав опфаќа 10 населени места. Се работи за општина со население од различен етнички состав, главно Македонци и Албанци. Според пописот на населението од 2002 година, општината имала вкупно население од 15.855 жители[6].




Карактеристично за општината е што значаен дел од населението живее во етнички хомогени населени места. Селата Блаце, Волковија, Брвеница, Долно Седларце и Стенче се населени места со доминантно македонско население, во селото Гургурница живее доминантно албанско население, додека селата Милетино, Радиовце, Теново и Челопек се со население од мешан етнички состав.

Ваквата етничка дистрибуција на населението има влијание на можноста и квалитетот на интеракција што се остварува со припадниците на друга етничка заедница во општината. Селото Брвеница претставува и седиште на општината и иако доминантно е населено со население од македонска етничка припадност, сепак овој факт овозможува поинтензивна интеракција со другата заедница на дневна основа. Темелното истражување на фреквенцијата и квалитетот на интеракцијата со другата заедница во рамки на другите етнички хомогени населени места во општината кои се значителна просторна оддалеченост претставуваат предизвик за идни истражувачки напори.

[6]Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Приказ 2. Етничка дистрибуција на населението во населените места во општина Брвеница[7].




Оваа општина низ долг период е погодена од емиграциски тенденции, кои подеднакво ги засегаат сите етнички заедници. Овие тенденции се забележливи и во пописните податоци, кои покажуваат дека и покрај тоа што бројот на жители во општината се зголемува, овој пораст е релативно низок. Миграциските тенденции се и внатрешни и надворешни, со тоа што во последните неколку години доминантни се надворешните миграции. Отсуството на релевантен попис на населението низ период од речиси две децении го оневозможува обидот за дополнителни анализи на демографската структура на населението.

## 3.2 Локална самоуправа и пристап до јавни услуги

Општината Брвеница е основана во 1996 година, а претходно била дел од општина Тетово. Со општината раководи градоначалник избран за трет мандат и Совет составен од 15 советници.

---

[7]Извор: Демографска карта на општина Брвеница на македонски, достапна на: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:Ethnic_groups_of_Brvenica_Municipality.svg

### 3.2.1 Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува

Службени јазици во општината се македонскиот и албанскиот јазик. Од увидот во веб страницата на општината и достапните документи евидентно е дека сите информации и документи се достапни на двата јазици. Општинскиот совет и општинската администрација се составени од вработени од сите етнички заедници. Големо мнозинство од граѓаните што учествуваа во анкетата реализирана во состав на истражувањето сметаат дека правата на нивната, но и правата на другите заедници се почитуваат.

Како мултиетничка општина во која две заедници го надминуваат прагот на застапеност од 20%, Општина Брвеница има законска обврска за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ). КОМЗ на општина Брвеница за првпат е формирана во 2013 година. Во актуелниот состав, КОМЗ на Брвеница е составена од пет членови. Двајца членови на КОМЗ се и членови на Советот на Општината, додека тројца членови се надворешни. Според информациите добиени од соговорниците од локалната самоуправа и КОМЗ, функционирањето на Комисијата е минимално, само по прашања за кои Комисијата според Закон е повикана да даде мислење.

Од интервјуата реализирани со претставници на КОМЗ и други тела на општината може да се заклучи дека функционирањето на КОМЗ е главно формално и дека досега не се обезбедени услови за остварување посуштински ангажман на Комисијата; надворешните членови добиваат надоместок за учеството на состаноци на КОМЗ, но Комисијата нема програма, обезбедени простории ниту буџет за самостојно реализирање активности. Членовите на КОМЗ кои беа интервјуирани за потребите на ова истражување изјавија дека во минатото учествувале на различни тренинг-настани за унапредување на нивните капацитети, меѓутоа овие настани се инцидентни и на иницијатива на трети страни – граѓански организации или други институции. Соработката на КОМЗ со други релевантни чинители на локално ниво (образовни институции, јавни претпријатија, граѓански организации, бизнис заедница) е практично непостоечка.

### 3.2.2 Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво

Од општината сметаат дека иако односите меѓу различни етнички заедници се добри, би требало да се инвестираат повеќе напори за нивно развивање. Во минатото биле организирани неколку вакви иницијативи, како резултат на соработка на општината со повеќе странски организации. Една од овие иницијативи е OpenFun фудбалските турнири, кои се организирале еднаш годишно во текот на повеќе години и овозможиле можност за дружба и игра меѓу младите во општината, но и зближување со младите од други

општини. Повеќе од 200 млади луѓе од различни етнички заедници учествувале на турнирите, се натпреварувале и комуницирале и соработувале меѓусебно преку јазикот на играта. Релевантните соговорници понудија информација дека овие спортски настани биле исклучително популарни кај младите и обезбедиле можност за спонтано дружење и запознавање. Сепак, вакви настани не биле организирани во последната година, која е периодот од интерес за истражувањето.

Како резултат на соработката на Општина Брвеница со Асоцијацијата за демократски иницијативи, во 2016 година беше изработена стратегија и акциски план за унапредување на мултикултурното разбирање. Стратегискиот документ предвидува интервенции во повеќе сфери: зајакнување на капацитетите на КОМЗ, унапредување на меѓукултурното разбирање меѓу младите во рамки на образовниот систем и поттикнување на интеркултурниот дијалог меѓу сите граѓани на општината.

Иако претставници од општината понудија информација дека овој стратегиски документ е усвоен, истиот не е достапен на веб страницата на општината, ниту пак постојат податоци кои би потврдиле до кој степен се работи или се остварени целите од стратегијата.

Во општината има две граѓански организации кои од страна на општината добивале скромна поддршка за организација на настани. Исто така, општината обезбедува и поддршка за организација на интегрирани активности во рамки на основните училишта.

### 3.2.2 Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници

Во општината функционира едно јавно претпријатие ОЈП „Вардар", кое се занимава со услуги за водоснабдување. Во рамки на интервјуто реализирано со раководното лице од ова претпријатие беше нагласено дека не постојат проблеми во поглед на еднаков пристап до услугите за различни населени места или групи граѓани во општината. Во минатото претпријатието преку спонзорства поддржувало настани и активности меѓу заедниците. Во рамки на тековната година, ваква поддршка не била побарана.

### 3.2.3 Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот

Соговорниците изразија задоволство од степенот на соработка што општината го остварува со останатите релевантни чинители на локално ниво. Сепак, мора да се нагласи дека оваа соработка е условена од слабите капацитети на општината да поддржува иницијативи (главно обезбедува скромна поддршка на локалните училишта или противпожарното друштво), додека соработката со локалниот бизнис сектор е недоволно развиена.

## 3.3 Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем

Во рамки на општината функционираат три основни училишта:

- ОУ „Кочо Рацин” во село Брвеница,
- ОУ „7 Марси” во село Челопек,
- ОУ „Гоце Делчев“ во село Стенче.

### 3.3.1 Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува

Од информациите добиени преку анкета и интервјуа со засегнати страни, може да се констатира дека генерално земено, законската рамка која се однесува на правото за образование на мајчин јазик за припадниците на различни етнички заедници се почитува.

Во училиштето „Кочо Рацин” настава се одвива само на македонски јазик, додека во училиштата „7 Марси“ и „Гоце Делчев“ настава се одвива на македонски и албански наставен јазик.

Од разговорите со претставници на трите училишта може да се заклучи дека активности за поголемо зближување на учениците во поголем обем се имплементираат во училиштата во кои учат ученици од мешан етнички состав. Во овие училишта не постои ниту сегрегација на учениците во различни објекти (освен во случај кога етничката структура на населението во селото не го условува ова) и смени.

### 3.3.2 Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и вонннаставни активности

Сите основни училишта во општината се вклучени во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во рамките на овој проект се организираат заеднички активности меѓу учениците од различни етнички заедници. Проектот дава простор наставниците и училишната управа сами да ги дизајнираат активностите, па постојат разлики во видот на интеракција што се остварува меѓу учениците. Училиштето „7 Марси”, каде значаен дел од учениците учат во ист објект и во исти смени, активностите за меѓуетничко зближување главно ги реализира во рамки на вонннаставните активности – прошетки, екскурзии, заеднички прослави и слично. Училиштето „Гоце Делчев” во село Стенче организира активности во рамки на наставата, при што беа нотирани предизвици од аспект на просторната оддалеченост на централното и подрачните училишта и предизвикот од обезбедување средства за реализација на овие активности. Треба да се забележи дека иако училиштата добиваат финансиска поддршка во рамките на проектот, во поглед на покривањето на трошоци за логистичка организација (трошоци за пат и слично) се упатени на сопствени средства, поддршка од општината или

од трети страни, поради што се соочуваат со финансиски предизвици за реализација на овие активности.

### 3.3.3 Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот

Сите основни училишта во општината се вклучени во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во рамките на овој проект се организираат заеднички активности меѓу учениците од различни етнички заедници. Проектот дава простор наставниците и училишната управа сами да ги дизајнираат активностите, па постојат разлики во видот на интеракција што се остварува меѓу учениците.  Училиштето „Кочо Рацин", во рамки на проектот за меѓуетничка соработка има воспоставено соработка со основно училиште од Боговиње. Со другите училишта соработката е спорадична, главно околу заеднички празнувања и културни манифестации.

### 3.3.4 Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата

Кога станува збор за изучувањето на друг јазик освен мајчиниот, учениците Албанци имаат задолжително изучување на македонскиот јазик, додека во основното училиште „Гоце Делчев" има факултативна настава за албански јазик за учениците кои учат на македонски наставен јазик.

Имајќи предвид дека се работи за рурална општина, постојат бројни проблеми во поглед на обезбедување основни услови за квалитетно одвивање на наставата – стари објекти на кои им е потребно реновирање, недостиг од опрема и проблеми за финансирање на различни воннаставни активности. Дел од секојдневните трошоци ги покриваат наставниците сами, за дел во пресрет излегува општината, дел се решаваат на проектна база и донации од компании и приватни лица.

Проблемот на емиграција во странство, иако присутен во сите општини што се предмет на истражување, изгледа особено изразен во училиштата во општина Брвеница. Раководните лица со кои разговаравме изразија загриженост во поглед на високиот број на ученици кои го напуштаат училиштето поради семејна преселба.

## 3.4 Култура

Во општината нема јавни установи од областа на културата. Функционира едно фолклорно друштво со повремени активности. Активностите на оваа невладина организација се анализирани во поглавјето граѓанско општество и социјална кохезија.

## 3.5 Граѓанско општество и социјална кохезија

### 3.5.1 Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот

Во општината дејствуваат две невладини организации, едната е фолклорен клуб, додека другата е посветена на противпожарна превенција и заштита. Двете организации функционираат со скромни средства и имале позитивна соработка со локалните власти во поглед на мали спонзорства на нивните активности. Во рамки на нивните активности биле организирани обуки за противпожарна заштита за граѓани од различни етнички заедници.

### 3.5.2 Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам

Соговорниците изјавија дека соработката со локалната власт е на задоволително ниво, но финансиските можности кои остануваат релативно скромни.

### 3.5.3 Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот

Од разговорите со учесниците од граѓанскиот сектор се доби информација дека овие активности се исклучително ретки. Дополнително, овие активности не се директно насочени кон промоција на мултикултурализмот на локално ниво, туку само индиректно придонесуваат кон интеракција меѓу двете заедници.

### 3.5.4 Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците

Во рамки на анкетата што беше реализирана со граѓани на општина Брвеница, повеќе од три четвртини од испитаниците изјавиле дека познаваат јазик на другата заедница во општината. Големо мнозинство се согласуваат дека јазиците на други заедници во општината треба да се изучуваат на училиште, при што постои поделеност во одговорите околу тоа дали ова треба да биде задолжително меѓу испитаниците Македонци и Албанци – првите сметаат дека ова треба да биде прашање на избор, додека вторите во големо мнозинство се изјасниле дека изучувањето на друг јазик треба да биде задолжително.

Мал процент од испитаниците изјавиле дека односите се воздржани, додека за повеќето испитаници во општината главно се негуваат односи на мирољубив соживот и соработка. Повеќе од половината од испитаниците не

забележуваат промени во односите, додека нешто помалку од половина сметаат дека односите се подобрени.

Нешто помалку од половина од испитаниците одговориле дека секојдневно се во комуникација и соработка со другите заедници, додека една четвртина тоа го прави само на работното место. Дополнително, една четвртина комуницира само за прашања врзани за заедничкиот живот во општината и на посебни празници.

Кога станува збор за перцепцијата за влијанието на различни институции врз односите меѓу заедниците, граѓаните во големо мнозинство позитивно гледаат на влијанието на локалната самоуправа, КОМЗ и образовните институции, како актери кои умерено или значително ги унапредуваат односите меѓу заедниците. Сепак, околу третина од испитаниците Македонци на образовните институции гледаат како на актери кои немаат влијание врз етничките односи, додека истиот процент на испитаници смета дека локалниот бизнис сектор неповолно влијае врз меѓуетничките односи.

Помало влијание врз овие односи имаат културните институции, локалниот бизнис сектор, додека политичките партии и медиуми во поголема мера се сметани за општествени актери кои ги нарушуваат односите меѓу заедниците. Ова особено е изразено меѓу испитаниците Македонци, меѓу кои половина смета дека политичките партии ги нарушуваат или значително негативно влијаат врз етничките односи. Граѓаните Албанци, пак, во највисок процент сметаат дека овој актер нема влијание врз етничките односи.

Релативно задоволство од влијанието на невладините организации во поглед на унапредувањето на етничките односи беше демонстрирано од учесниците во анкетата.

Кога станува збор за чувството на блискост кон друга етничка заедница, за Македонците најблиска е српската, потоа албанската, додека значително помалку блиски ги сметаат турската и ромската заедница.

Испитаниците Албанци, за најблиска заедница ја сметаат македонската, потоа турската, додека српската и ромската заедница се оценети како заедници кои воопшто не им се блиски.

Етничка дистанца кај мал дел од испитаниците постои во поглед на живот во етнички хетерогено соседство и во поглед на можноста за етнички мешани бракови.

## 3.6 Заклучок: индексна оцена и препораки

| **Општина Брвеница** | **4,3** |
|---|---|
| **Локална самоуправа и пристап до јавни услуги** | **5,2** |
| Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува. | 5 |
| Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво. | 4 |
| Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници. | 7 |
| Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| **Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем** | **5,2** |
| Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува. | 7 |
| Примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование. | 6 |
| Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и вонннаставни активности. | 4 |
| Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата. | 4 |
| **Култура** | **3** |
| Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата. | 3 |
| Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за интеретничко зближување. | 3 |
| Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 3 |
| **Граѓанско општество и социјална кохезија** | **3,8** |
| Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 3 |
| Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 3 |
| Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам. | 4 |
| Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците. | 5 |

Меѓуетничките односи во општина Брвеница низ подолг временски период се обележани со стабилност, мирољубива коегзистенција и соработка во јавната сфера. Се добива впечаток дека токму перцепцијата дека односите меѓу заедниците се на задоволително ниво се причина за генерално малиот број иницијативи за унапредување на меѓуетничкиот соживот. Главно, овие активности се концентрирани во образовната сфера.

За поздравување е фактот што сите училишта во општината се вклучени во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и имплементираат активности за зближување на младите. Сепак, од разговорите со засегнатите страни може да се констатира дека во овие активности поинтензивно се реализираат во училишта каде образовниот процес се одвива на повеќе наставни јазици, додека овие активности се значително поретки во училиштата во средини со етнички хомоген состав. Имајќи ја предвид етничката дистрибуција на населението во општината (значаен број на населени места со етнички хомоген состав) и можноста младите да бидат во интеракција на секојдневна основа, токму во оваа сфера треба да се фокусираат повеќе напори, преку зголемување на соработката меѓу училиштата во поглед на заедничка организација на наставни и воннаставни активности.

Дополнително, мора да се констатираат значајни предизвици за училиштата во општината во поглед на организација на овие активности. Генерално земено, училиштата на секојдневна основа се соочуваат со предизвици во поглед на обезбедување средства за основно функционирање на образовниот процес, при што се поставуваат значајни предизвици за организација на интегрирани активности во поглед на обезбедување средства за квалитетна и честа организација на овие активности. Иако општината обезбедува повремена поддршка, беше констатирано дека истата е недоволна и неопходно е градење на капацитетите на засегнатите чинители од образовната сфера во поглед на генерирањето средства за оваа намена.

Како и во сите општини што беа опфатени со истражувањето, КОМЗ на Брвеница има повеќе формална, отколку суштинска улога на полето на меѓуетничките односи. Во поглед на ова, неопходно е обезбедување на континуирана и одржлива поддршка за функционирањето на КОМЗ, во поглед на обезбедување простории за средби и работа, буџет и поддршка во соработката со други засегнати чинители на локално ниво.

Недоволно развиениот граѓански сектор во општината и недостигот од културни институции влијаат врз фреквенцијата и видот на културни активности организирани во општината и можноста граѓаните од различни заедници да пронајдат заеднички интереси и да соработуваат во оваа сфера. Иако беше констатирано дека овие организации успешно соработуваат со

општината и добиваат повремена поддршка за реализација на активности, сепак оваа поддршка е далеку од доволна за да обезбеди континуирано дејствување. Во овој поглед, неопходно е градење на капацитетите на релевантните чинители од локалниот граѓански сектор за генерирање на средства, како и во поглед на дизајнирање и имплементација на акции. Зајакнување на соработката со останатите релевантни чинители на локално ниво (локална самоуправа, КОМЗ, училишта, јавни институции и бизнис сектор) ќе го забрза процесот на градење на локален граѓански сектор.

# 4 Општина Гостивар

## 4.1 Профил на општината

Општината Гостивар е сместена во северозападниот дел од земјата. Центар на општината е градот Гостивар, а во состав на општината влегуваат и 35 рурални населени места..

Општина Гостивар е мултиетничка општина во која живеат 54.038 Албанци, 15.877 Македонци, 7.991 Турци, 2.237 Роми и 899 други.




Градот Гостивар како центар на општината Гостивар е мултиетничка средина во која живеат припадници од различни етнички заедници, меѓу кои најбројни се Албанците (47,12%), Македонците (33,15%) и Турците (12,72%)[8]. Во селата Дебреше, Чегране, Корито, Чајле, Мало Турчане, Трново, Страјане, Лакавица, Речане, Равен, Симница и Србиново живее доминантно албанско население; селата Железна Река, Куново, Сушица, Стрезимир, Реч, Штировица, Бродец, Горно Јеловце и Печково се населени главно со Македонци, додека во селата Горна и Долна Бањица, Беловиште, Здуње, Балин Дол, Горна и Долна Ѓоновица живее население од повеќе етнички заедници.

[8]Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Приказ 3. Етничка дистрибуција на населението во населените места во општина Гостивар[9].




Законот за територијалната организација[10] од 2004 година ги измени општинските граници, а со тоа и етничката структура на општината. Гостивар има долга традиција на соживот и негување на мирољубиви односи меѓу различните етнички заедници.

Сепак, различни внатрешни и надворешни фактори можат да имаат влијание врз степенот на блискост и соработка што го остваруваат заедниците. Искуствата од минатото покажуваат дека односите на централно ниво лесно можат да се пренесат и да ја нарушат динамиката на локално ниво; во овој контекст, систематското следење на оваа динамика може да идентификува сфери каде е потребна интервенција, но и примери на добра пракса кои треба да продолжат.

---

[9]Извор: Демографска карта на општина Гостивар на македонски, достапна на: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0_%D0%93%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%80#/media/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:Ethnic_groups_of_Gostivar_Municipality.svg

[10]Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 106/2008)

## 4.2 Локална самоуправа и пристап до јавни услуги

### 4.2.1 Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува

Со Општина Гостивар раководи градоначалник и Совет од 31 советник, во кој се застапени претставници од најголемите етнички заедници во општината. Иако нема законска обврска, Општината има три службени јазици: македонски, албански и турски јазик.

Комисијата за односи меѓу заедниците (КОМЗ) на Општина Гостивар е формирана во 2008 година, иако поради етничката структура на населението, Општина Гостивар нема законска обврска за формирање на ова тело. Во актуелниот мандат оваа Комисија брои девет (9) членови, меѓу кои нема членови на општинскиот Совет. Статутот[11] на Општината не дозволува членови на Советот истовремено да бидат и членови на КОМЗ во ист мандат. Од достапните информации, може да се констатира дека КОМЗ на Гостивар функционира само формално и дека не се одвојуваат посебни средства за поддршка на засебни активности на КОМЗ или градење на капацитети на неговите членови.

### 4.2.2 Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво

Од достапната документација на веб страницата на Општината (пред сè Програмата за работа на Општината за 2019 година), локалната самоуправа во рамки на општинскиот буџет одвојува средства за поддршка на организација на културни настани, поддршка за граѓански организации, како и младински иницијативи од кои дел се врзани за промоција на мултикултурализмот на локално ниво. Сепак, не се достапни информации во колкав обем овие проекти и иницијативи вклучуваат содржини кои директно имаат за цел да ги унапредат односите меѓу заедниците.

Претставниците од образовниот сектор изјавија умерено задоволство од соработката со локалните власти, наведувајќи ги ограничени можности поради специфичната политичка ситуација и нарушените односи меѓу централната и локалната власт.

Граѓанските организации изразија умерено задоволство од соработката со општината. Незадоволство беше изразено од организациите кои работат на унапредување на правата на помалку застапените заедници,

[11]Статут на Општина Гостивар, достапен на: http://gostivari.gov.mk/mk/%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%82%d1%83%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%b3%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%80/

особено во поглед на отвореноста на локалните власти за соработка и вклучување на граѓанските организации и нивните предлози во процесите на носење одлуки и соодветно вклучување на сите заедници.

Како резултат на соработката со Асоцијацијата за демократски иницијативи изработена е локална стратегија со акциски план за унапредување на меѓукултурното разбирање меѓу заедниците во општината. Главните цели на стратегијата се однесуваат на: создавање транспарентна локална самоуправа која поттикнува соживот и придонесува за меѓукултурната соработка; интегриран образовен систем кој промовира меѓукултурен дијалог; зајакната свест на граѓаните за потребата од толеранција и соживот. Сепак, не постојат информации кои можат да потврдат дали и до кој степен се реализирани заложбите од стратегијата.

### 4.2.3 Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници

Во рамки на општината дејствуваат повеќе јавни претпријатија. Во разговорите со претставници од јавните претпријатија во општината не беа констатирани аспекти во нивното работење кои би имале дискриминаторен однос кон граѓаните од различни заедници. Претставниците од јавните претпријатија изјавија дека ретко се контактирани од други засегнати чинители на локално ниво за соработка. Во активностите што ги организираат во своите домени ги вклучуваат граѓаните од сите заедници.

## 4.3 Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем

Во рамките на општината активни се 11 централни основни училишта, 20 периферни, 4 средни училишта и 1 колеџ.

Основни училишта во општина Гостивар:

- ОУ „Исмаил Ќемали” во Гостивар,
- ОУ „Башкими” во Гостивар,
- ОУ „Гоце Делчев” во Гостивар,
- ОУ „Мустафа Кемал Ататурк” во Гостивар,
- ОУ „Чајле” во село Чајле,
- ОУ „Ѓон Бузуку” во село Србиново,
- ОУ „Фаик Коница” во село Дебреше,
- ОУ „Перпарими“ во село Чегране,
- ОУ „Форина” во село Форино,
- ОУ „Лириа” во село Вруток,

- ОМУ „Енвер Стафаи” во Гостивар.

Средни училишта во општина Гостивар:

- СОУ „Гостивар”,
- СОМУ „Гостивар”,
- СЕОУ „Гостивар”,
- СТОУ „Гостивар”,
- „Јахја Кемал” колеџ.

### 4.3.1 Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува

Од сознанијата добиени од претставниците на образовните институции во општината беше утврдено дека правата на етничките заедници во поглед на следење настава на мајчин јазик се почитуваат. Во дел од основните училишта во општината образовниот процес се реализира на неколку наставни јазици. Во основното училиште „Мустафа Кемал Ататурк” наставата се изведува на три наставни јазици – македонски, албански и турски јазик. Учениците Македонци и Албанци учат во иста смена, додека учениците Турци учат во друга смена.

### 4.3.2 Присуство на социјална дистанца во образовен систем

Иако неколку основни и средни училишта во општината го имаат напуштено концептот за сегрегација во образованието, одредени училишта сè уште имаат етнички сегрегирани смени. Иницијатива за менување на оваа пракса е направена во средно стручно училиште, каде се одржувале и интегрирани часови. Активностите биле реализирани во рамки на проект во текот на учебната година 2017/2018, меѓутоа соговорниците не располагаа со информации за тоа дали оваа пракса продолжила по завршувањето на проектот.

Во средните училишта во Гостивар наставата се реализира на три наставни јазици – македонски, албански и турски јазик. Учениците учат во ист објект но во поделени смени – ученици Албанци и Турци во една смена, Македонци во друга. Беше понудена информација дека иако конфликти меѓу учениците мотивирани од меѓуетничка нетрпеливост имало во минатото, нивната фреквенција во последните неколку години е значително намалена.

Иако повеќето соговорници истакнаа дека конфликтите меѓу учениците од различни етнички заедници се ретки и се со тенденција на опаѓање, сепак се забележува извесна дистанца меѓу помладите. Сепак, во последните неколку години се забележуваат повеќе иницијативи за

надминување на оваа дистанца и првите ефекти од овие иницијативи полека започнуваат да стануваат видливи.

Во рамки на општината функционира и градинка каде функционираат групи на македонски, албански и турски јазик.

Соговорниците од образовниот сектор истакнаа дека политиката исто така има значајно влијание врз младите. Политичките партии во повеќе наврати беа идентификувани како фактор кој има влијание врз односите меѓу граѓаните, особено меѓу младите. Тенденциите за етнополитичка мобилизација на електоратот за остварува политичка предност на многу реален начин се реперкуираат врз животите на граѓаните на општината. Дополнително, впечатокот на соговорниците од образовниот сектор беше дека дистанцата меѓу учениците главно е мотивирана од постарите генерации – родителите.

### 4.3.3 Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот

Две средни училишта од општината се вклучени како модел училишта во рамките на програмата за интегрирано образование на Нансен дијалог центарот. Ученици и професори од овие училишта имплементираат активности во рамки на оваа програма и реализираат интегрирани наставни и воннаставни активности, а наставници од училиштата развиваат компетенции во доменот на меѓуетничката интеграција во образованието.

Во рамки на средното општинско училиште 2 паралелки кои следат настава на македонски и албански јазик одржуваат заеднички активности двапати месечно. Фокусот е ставен на работа преку игра, при што се создаваат услови учениците да се запознаваат и меѓусебно да комуницираат преку јазикот на играта. Соговорниците нагласија дека иако на почетокот ваквата иницијатива била примена со скепса, пред сѐ од страна на родителите, учениците брзо се прилагодиле на околностите и активностите се имплементираат без проблем.

Беше нагласено дека кај сите заедници пристапот кон изучувањето јазик на друга заедница се изведува со недоволна посветеност. Познавањето на јазиците на другите заедници е тешко бидејќи учениците во своето опкружување се опколени со содржини на мајчиниот јазик, па изложеноста на други култури, дури и преку медиумите е минимизирана.

Иако соговорниците од образовниот сектор изразија задоволство од досегашните напори за приближување на младите од различни етнички заедници, нагласија дека сепак постојат одредени ограничувања кога се одржуваат заеднички настани во кои улогата на учениците е да ги претстават особеностите на својата култура и дека прославите кои се однесуваат на една етничка заедница главно не вклучуваат учество и на ученици од другите етнички заедници.

Проблемите за поголемо вложување во интегрирани активности и имплементирање на заложбите од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието се главно финансиски и организациски. Организациски од аспект што повеќето училишта не располагаат со соодветни просторни капацитети за организирање на интегрираната настава. Финансиски, проблемите се врзани за недостигот од средства за покривање и на основните потреби на училиштата. Имено, во споредба со останатите општини кои се дел од истражувањето, училиштата во општина Гостивар се наоѓаат во посебни околности поради нарушените односи меѓу локалните и централните власти, која особено се реперкуираше врз образовните институции.

### 4.3.4 Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата

Впечатокот на соговорниците беше дека и покрај специфичните околности, но и можности што во одредени училишта ги нуди Нансен програмата, инволвирањето на наставниците во активности за јакнење на интеркултурните компетенции на учениците главно зависи од лична мотивација и интерес. Истите генерално се ниски, поради низа причини – ниски плати, преоптовареност со административни задачи, просторни ограничувања, деградираната позиција на наставниот кадар. Овде соговорниците ја гледаа и клучната причина за слабата заинтересираност на локалниот бизнис сектор да излезе во пресрет за финансиска поддршка на активностите за поддршка на мултикултурализмот.

Училиштата имаат програма за меѓуетничка интеграција, меѓутоа конкретни активности, особено часови, се одржуваат ретко поради преоптовареност на учениците (станува збор за воннаставни активности кои се реализираат по редовната настава). Соговорниците изразија потреба овие активности да бидат во рамки на редовната настава, со што и самите ученици би биле мотивирани да учествуваат.

Во основното училиште „Единство" учениците Македонци го изучуваат албанскиот јазик како изборен предмет.

## 4.4 Постоење на институции/организации посветени на промо-ција на мултикултурализмот преку културата

### 4.4.1 Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата

Во рамки на општина Гостивар дејствуваат две културни институции:

- Национална установа Центар за култура АСНОМ,

- Галерија „Култ”, која претставува приватна институција посветена на афирмирање на уметноста.

4.4.2 Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за интеретничко зближување

Иако претставниците од релевантните институции кои земаа учество во истражувањето изразија задоволство од квалитетот на културната понуда во општината, останатите соговорници изразија низок степен на задоволство од истата и ангажманот на институциите од културата на полето на промоција на меѓуетничкиот соживот.

4.4.3 Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот

Соговорниците од доменот на културата изјавија дека нема големи финансиски можности за организација на проекти кои директно би биле насочени кон унапредување на меѓуетничкиот соживот на локално ниво. Активностите кои се реализираат настојуваат да обезбедат учество и соработка меѓу сите заедници во општината. Достапната поддршка е мала ретка, како од локално, така и од централно ниво. Меѓуинституционална соработка постои, но главно во отстапување простор и реквизити, главно заради финансиските проблеми со кои се соочуваат институциите од културата.

## 4.5 Граѓанско општество и социјална кохезија

4.5.1 Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот

Во рамки на општината дејствуваат повеќе граѓански организации, од кои дел ги споделија нивните согледувања и придонесоа со информации околу активностите на граѓанскиот сектор во општината за унапредување на меѓукултурното разбирање. Неколку граѓански организации во општината во континуитет имплементираат иницијативи за унапредување на мултикултурализмот на локално ниво.

Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) е една од организациите чија стратешка цел е унапредување на односите меѓу различни етнички заедници во општината. Во текот на повеќе од две децении АДИ има имплементирано повеќе различни инцијативи за унапредување на меѓуетничката кохабитација во општината – преку работа со органите на локалната

самоуправа во насока на градење локални политики кои го инкорпорираат и промовираат концептот на мултикултурализмот, континуирано зајакнување на капацитетите на КОМЗ на Гостивар, организација на обуки за човекови и малцински права за различни засегнати локални чинители (претставници на граѓанскиот сектор, новинари, претставници на јавни институции, бизнис заедница), како и континуирано следење на развојот на односите меѓу заедниците преку истражувања и анализи. Посебен фокус на активностите во доменот на меѓуетничкото зближување се младите и организацијата има имплементирано неколку проекти кои за цел имаат градење на интер-културните компетенции и промовирање на меѓукултурното разбирање меѓу младите од различни етнички заедници во општината.
Во рамки на активностите на другите граѓански организации во општината, од страна на соговорниците беше понудена информацијата дека неколку локални ГО во соработка со УНДП имплементирале проект за меѓуетничка интеграција преку спорт. Општина Гостивар и учествува со финансиска поддршка за функционирањето на центар за млади.

### 4.5.2 Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот

Во општината во континуитет се организираат различни активности кои за цел имаат унапредување на односите меѓу заедниците. Овие активности се различни, од развивање соработка меѓу локални релевантни чинители, иницијативи за млади, организирање културни и спортски настани, активности во рамки на образованието. Она што како констатација го изнесоа релевантните чинители од граѓанскиот сектор е потребата од континуитет на овие иницијативи, бидејќи праксата покажува дека моти-вацијата и резултатите се губат кај краткотрајните акции.

### 4.5.3 Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам

Искуствата се различни, па некои организации вклучени во истражувањето изразија незадоволство од степенот на посветеност на локалната власт за соработка со граѓанските организации во поглед на унапредување на правата на етничките заедници во општината, особено во поглед на заедниците кои процентуално се помалку застапени. Незадоволството пред сè беше изразено во поглед на немањето интерес да се консултираат граѓанските организации за прашања кои ги засегаат помалкубројните етнички заедници.

### 4.5.4 Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците

Од анкетата со граѓани може да се види дека односите генерално се перцепирани на ниво на соработка и миролјубив соживот, додека мал процент од граѓаните од заедниците кои не се мнозински во општината изјавиле дека односите меѓу заедниците се воздржани. Доминантниот став кај граѓаните Македонци и Турци е дека односите во последната година останале непроменети, додека кај граѓаните Албанци големо мнозинство смета дека истите се подобруваат. Околу половина од учесниците од сите заедници изјавиле дека имаат секојдневна комуникација и соработка во сите сфери на живеењето со другите заедници, додека за другата половина комуникацијата е ограничена на работното место. Етничка дистанца кај мал дел од испитаниците постои во поглед на живот во етнички хетерогено соседство и во поглед на можноста за етнички мешани бракови, а поизразена е во поглед на помалите заедници, како Србите и Ромите.

Запрашани за тоа колку се почитуваат правата на етничката заедница на која ѝ припаѓаат, граѓаните Албанци и Македонци изразиле релативно задоволство, додека значително помало задоволство пројавиле граѓаните Турци.

Одговорите кај граѓаните Македонци остануваат исти на прашањето за почитувањето на правата на другите во заедници во општината. Интересно е што граѓаните Албанци помалку се согласуваат со овој став и повеќе од половина сметаат дека правата на другите заедници се почитуваат до одреден степен или сосема малку. Испитаниците Турци генерално сметаат дека правата на другите заедници повеќе се почитуваат отколку правата на нивната заедница.

Мнозинството испитаници од сите етнички групи изјавиле дека сметаат дека локалната самоуправа има позитивно влијание врз подобрување на односите меѓу етничките заедници. Дека локалната самоуправа нема влијание врз оваа сфера сметаат околу четвртина од испитаниците Македонци и Турци, и околу 15% од испитаниците Албанци. Интересен е податокот дека КОМЗ според анкетираните граѓани има помалку позитивно влијание врз етнички односи – најголем дел од граѓаните од сите заедници сметаат дека ова тело нема влијание или има лошо влијание.

Граѓаните се поделени во поглед на влијанието на образовните институции врз етничките односи. Додека испитаниците Македонци и Турци генерално сметаат дека образовните институции ги подобруваат односите меѓу заедниците, за граѓаните Албанци овие институции немаат влијание или ги влошуваат односите меѓу заедниците.

Генерално земено граѓаните од сите етнички заедници имаат перцепција за позитивно влијание на институциите од доменот на културата врз меѓу-етничките односи.

Мнозинството граѓани сметаат дека бизнис секторот позитивно влијае врз меѓуетничките односи. Сепак, околу 40% од испитаниците Албанци констатирале дека оваа заедница нема некакво влијание врз овој домен.

Позитивна перцепција во поглед на влијанието на граѓанските организации врз меѓуетничките односи изразија испитаниците од сите етнички заедници.

Испитаниците беа поделени околу влијанието на политичките партии и медиумите.

Во поглед на прашањето која друга заедница ја чувствуваат блиска, Македонците за најблиски ги сметаат Србите, по нив Албанците, Турците, а најмалку Ромите.

Албанците за најблиски ги сметаат Турците, по нив Македонците, Ромите, а најмалку Србите.

Турците за подеднакво блиски ги сметаат Македонците и Албанците, по нив Ромите, а најмалку Србите.

## 4.6 Заклучок: индексна оцена и препораки

| Општина Гостивар | 5 |
|---|---|
| Локална самоуправа и пристап до јавни услуги | 4,8 |
| Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува. | 5 |
| Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво. | 4 |
| Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници. | 6 |
| Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 4 |
| Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем | 5,2 |
| Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува. | 7 |
| Примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование. | 4 |
| Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности. | 5 |
| Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот. | 6 |
| Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата. | 4 |
| Култура | 4,7 |
| Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата. | 5 |
| Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за интеретничко зближување. | 4 |
| Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Граѓанско општество и социјална кохезија | 5,3 |
| Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 6 |
| Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 6 |
| Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам. | 5 |
| Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците. | 4 |

Општина Гостивар има повеќедецениска традиција на мирни односи меѓу заедниците. Сепак, градењето на односи на интер-културна соработка и соживот подразбира континуиран процес на поттикнување на меѓусебно запознавање, прифаќање и размена. Во овој поглед неопходно е да се зајакне улогата на локалната самоуправа и нејзините тела, како клучен релевантен чинител на локално ниво. Развивањето на мултикултурализмот на локално ниво треба да се третира како приоритет и овој аспект да биде земан предвид и при дефинирањето на локални политики кои не се однесуваат директно на односите меѓу заедниците во општината. Како посебен приоритет претставуваат активностите кои за цел имаат поголемо вклучување на помалите заедници во општината, кон кои беше забележана поголема социјална дистанца, но и поголемо незадоволство од степенот на нивна инклузија.

Притоа, неопходно е да се нагласи потребата од обез-бедување на можности за суштинско вклучување на КОМЗ во носе-њето одлуки на локално ниво. Ова не се однесува само на консултирање на КОМЗ по прашања за кои постои ваква законска обврска, туку и вклучување на ова тело при изработка на планови, иницијативи, стратегии и слично. Ова подразбира и континуирано вложување во развојот на капацитетите на членовите на КОМЗ за ангажман на полето на меѓукултурно зближување, кое засега се одвива единствено на иницијатива на надворешни чинители. Унапредувањето на улогата на КОМЗ на Гостивар, како тело кое ќе може да координира и иницира соработка меѓу различните засегнати страни и кое ќе ги застапува интересите на сите заедници што живеат во општината ќе придонесе кон трансформирање на инцидентните и проектни иницијативи во координирани, системат-ски и одржливи акции. Во овој контекст, воспоставувањето на систем на работа, со дефинирање годишни програми за работа, периодични извештаи, како и поголемо запознавање на јавноста со активностите на КОМЗ, преку навремено известување за одржаните седници и донесените заклучоци, директна соработка со граѓаните преку присуство на седници на КОМЗ, информирање за активности кои се реализираат ќе придонесат кон етаблирање на КОМЗ како релевантна локална институција за унапредување на односите меѓу заедниците.

Во доменот на образованието, неопходно е напуштање на праксата на етничка сегрегација во училиштата. Особено внимание треба да се посвети на вклучувањето на помалку бројните етнички заедници во општината, кон кои во анкетата со граѓани, но и низ разговорите со засегнати чинители, беше констатирана позначајна социјална дистанца. Повеќе училишта имаат направено значајни напори преку напуштањето на оваа пракса, имплементација на воннаставни активности за меѓуетничко зближување и градење на капацитетите на наставниот кадар. Сепак, опстојувањето на пракса која ги поткопува основите на меѓуетничката интеграција во образованието претставува состојба која за значаен дел од младите создава вештачка бариера за меѓусебно запознавање и зближување. Во овој поглед неопходна е поголема поддршка за образовните институции во општината, во поглед на зголемување на фреквенцијата и квалитетот на активностите за меѓуетничко зближување. Имено, потребно е создавање услови за организација на заеднички наставни активности ќе ги трансформираат овие иницијативи од акции кои одземаат од времето по часовите и се доживеани како товар и од страна на учениците и од страна на наставниот кадар, во активности кои за младите ќе претставуваат прилика за заедничко учење и зближување преку заемни интереси. Покрај неопходната поддршка, потребно е воспоставување на систем за следење на реализацијата на овие активности, нивните резултати и севкупно влијание врз односите меѓу учениците. На овој начин ќе се овозможи и подобра координација на активностите и, следствено, ќе со создадат услови за поголема ефективност во напорите за приближување на младите од различни етнички заедници. Имајќи предвид дека дел од овие активности се реализираат како обврски од Министерството за образование и наука, дел како активности во рамки на проекти во кои учествуваат училиштата, мониторингот и евалуацијата на овие активности би можело да се организира на локално ниво, од страна на секторот за образование или од страна на комисија формирана од образовните институции во општината.

Во општината има развиен граѓански сектор кој активно работи на промоција на соживотот и интеркултурната комуникација меѓу различните заедници. Овие организации имаат успешна меѓусебна соработка, но остваруваат и задоволителна соработка со чинители на локално и национално ниво. Главниот заклучок кој се наметна низ

разговорите со претставниците од граѓанскиот сектор е дека влијанието на овие иницијативи често пати е ограничено со нивното кратко времетраење, па потребно е да се обезбедат услови за развивање на акции кои ќе имаат систематско, долготрајно и одржливо влијание во заедницата. Општината веќе се јавува како партнер за поддршка на најмалку една младинска иницијатива. Потребно е ваква соработка да се иницира и на полето на меѓуетничките односи. Дополнително, не помалку важно е развивањето соработка со засегнати страни кои дејствуваат во средини со различна етничка структура на населението, особено чинители од општини со генерално хомоген етнички состав. Имено, став кој често се повторуваше низ разговорите со соговорниците е дека предрасуди се создаваат како резултат на непознавањето на „другиот" и дека односите меѓу етничките заедници генерално во значаен степен се разликуваат од односите кога заедниците споделуваат иста локална заедница. Можноста одблиску да се спознае културно различниот ќе овозможи поуспешно рушење на бариерите и дистанцата меѓу заедниците кои просторно оддалечени, за културата на „другиот" учат само посредно.

## 5 Општина Врапчиште

Општина Врапчиште се наоѓа во северозападниот дел на земјата во Полошкиот регион. Врапчиште е мултиетничка општина, во која според податоците од пописот во 2002 година во Врапчиште живеат 1.041 Македонци, 21.101 Албанци, 3.134 Турци и 123 граѓани од друга етничка припадност[12].




Во состав на општината има 16 рурални населени места. Со исклучок на селото Врапчиште, кое е со мешан етнички состав, останатите населени места во општината претставуваат етнички хомогени средини. Ова секако има влијание врз можноста за секојдневни контакти меѓу населението од различни етнички заедници.

[12]Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Приказ 4. Етничка дистрибуција на населението во населените места во општина Врапчиште[13].




## 5.1 Локална самоуправа и пристап до јавни услуги

### 5.1.1 Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува

Општината Врапчиште е основана во 1996 година, а подоцна кон неа е припоена општина Неготино Полошко, како заедничка и единствена општина која се протега на територијата на поранешните општини Врапчиште и Неготино Полошко. Со Општината раководи градоначалник и Совет составен од 19 членови – претставници на сите заедници во општината.

Општината Врапчиште има три јазици за службена употреба – македонскиот, албанскиот и турскиот јазик.

[13]Извор: Демографска карта на општина Врапчиште на македонски, достапна на: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0_%D0%92%D1%80%D0%B0%D0%BF%D1%87%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B5#/media/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:Ethnic_groups_of_Vrap%C4%8Di%C5%A1te_Municipality.svg

Иако Општина Врапчиште нема законска обврска да формира Комисија за односи меѓу заедниците, ваква комисија е формирана во 2006 година и е составена од 6 члена, со по двајца претставници на трите најголеми етнички заедници во општината. Една од најзначајните активности на КОМЗ на Врапчиште во минатото се однесува на придонесот кон воведувањето на турскиот јазик како трет службен јазик во општината.

5.1.2 Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво

Како дел од соработката со граѓанскиот сектор, во Општината беше изработен и усвоен стратешки документ со акциски план за унапредување на мултикултурното разбирање со важење до 2017 година. Од страна на соговорниците не беа понудени информации до кој степен се остварени целите од стратегијата, ниту дали е планирано продолжување со стратешки насочено дејствување на локалната власт во доменот на унапредување на односите меѓу заедниците во општината.

5.1.3 Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници

Во рамки на општината функционира јавното претпријатие „Врапчиште", со седиште во село Добри Дол, кое се занимава со одржување и снабдување со вода за пиење за населението во општината. Низ разговорите со соговорниците не беа идентификувани бариери за еднаков пристап до услуги на граѓаните на општината.

5.1.4 Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот

Соговорниците од различни сфери изразија задоволство од степенот на соработка со локалните власти. Сепак, кога станува збор за иницијативи за унапредување на мултикултурализмот, потребно е да се наведе дека оваа соработка главно се остварува со образовните институции во општината, а помалку со други актери.

## 5.2 Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем

Основното образование во општина Врапчиште се реализира во четири основни и едно средно училиште:

- ОУ „Мехмет Дерала" во село Градец,
- ОУ „Наим Фрашери" во село Неготино,
- ОУ „Врапчиште" во село Врапчиште,

- ОУ „Сали Лиси” во село Добри Дол.

Во рамки на општината функционира и едно средно училиште, СОУ „Неготино”, каде наставата се реализира на албански јазик, како и градинката „Пранвера”, каде функционираат групи на албански, македонски и турски јазик.

### 5.2.1 Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува

Во основното училиште „Врапчиште” наставата се одвива на три наставни јазици – македонски, албански и турски јазик. Ова е единственото училиште во општината во кое настава се изведува на повеќе јазици. Поради етничката дистрибуција на населението во претежно етнички хомогени населени места, наставата во другите училишта се одвива само на албански или македонски наставен јазик.

### 5.2.2 Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности

Од разговорите со претставници на општината, но и вработени во училиштата, беше изразена потребата од поголема соработка на училиштата во рамките на самата општина. Во рамки на проектот за интегрирано образование имплементиран од МОН и УСАИД воспоставена е соработка со училишта од други општини во земјата, како Кавадарци и Богданци, но соговорниците истакнаа дека ваква соработка е потребна и на локално ниво, со цел учениците од различни заедници, кои треба заедно да живеат во општината и да соработуваат, да имаат повеќе можности за запознавање и интеракција. Дополнително, средствата кои се одвојуваат за реализација на вакво меѓуетничко зближување во рамки на училиштата беа оценети како симболични – ни оддалеку доволни за да може да се оствари суштинско влијание.

### 5.2.3 Присуство на социјална дистанца во образовен систем

Иако соговорниците генерално изразија задоволство од односите меѓу учениците од различни етнички заедници, тие сепак истакнаа дека сметаат дека истите можат да се унапредат, бидејќи извесна дистанца постои.

Дополнително, беше нотирано дека во последните години, а особено во учебната 2018/2019 година меѓу жителите Македонци се јави тенденција да ги запишуваат своите деца во основните училишта во градот Гостивар, а не во општина Врапчиште. Со тоа бројот на ученици е драстично намален и се доведува во прашање можноста да се обезбеди квалитетна настава, која нема да биде во комбинирани одделенија. На овој начин, учениците

Македонци се лишени од можноста да се запознаат и другаруваат со своите соседи од други етнички заедници.

5.2.4 Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот

Покрај финансиските предизвици, беа наведени и низа други предизвици кои влијаат на квантитетот и квалитетот на активностите за меѓукултурно зближување меѓу заедниците. Пред сѐ ова се однесува на просторните ограничувања со кои се соочуваат некои училишта. Основното училиште „Наим Фрашери”, средното училиште и градинката „Пранвера” делат ист објект што има влијание врз квалитетот на наставата, но и можностите да се реализираат интегрирани активности со ученици од други училишта.

Локалната бизнис заедница учествува со спонзорства и донации за потребите врзани за унапредување и реновирање на општинските училишта. Проекти за меѓуетничка соработка не биле поддржувани. Претставниците од образовниот сектор изразија силен интерес за соработка на проекти за меѓуетничка интеграција и соработка со граѓански организации. Активни невладини организации во општината речиси и да не постојат.

5.2.5 Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата

Генерално земено, вакви активности се реализираат повремено, но почести се формите на заеднички вонннаставни активности. Учениците се гледаат и соработуваат на заеднички прослави и празници, но другите контакти се прилично ограничени.

## 5.3 Култура

Во рамки на општината дејствува една културна институција – Дом на културата „Шота”, во село Неготино. Повеќето културни настани во општината се организираат во рамки на оваа установа.

## 5.4 Граѓанско општество и социјална кохезија

Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот / Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот / Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам

Општината нема активен невладин сектор. Соработката на поединечни институции со граѓански организации главно се одвива со организации од соседната општина Гостивар и други општини.

### 5.4.1 Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците

Мнозинството од испитаниците се согласуваат дека во општината треба да се изучува јазик на другите заедници, при што доминантно се преферира тоа да биде прашање на избор. Додека сите испитаници Македонци и Турци сметаат дека тоа треба да е прашање на избор, со ова се согласуваат околу половина од испитаниците Албанци. Околу половина од испитаниците живеат во етнички хомогени соседства. И во овој случај односите меѓу заедниците се проценети како односи на соработка и миролјубив соживот, додека мал процент од испитаниците одговориле дека тие се воздржани.

Во поглед на развојот на односите во последната година одговорите се поделени околу тоа дали остануваат исти или се подобруваат. Мал процент од испитаниците изјавија дека секојдневно во приватната сфера комуницираат со другите заедници. Заедничката комуникација главно се одвива на работното место, додека околу петтина од испитаниците сметаат дека комуникацијата се одвива главно околу прашања врзани за општината и по повод различни празници. Од аспект на етничката припадност на испитаниците, интересно е што ниту еден испитаник од македонската или албанската етничка група не навел дека секојдневно комуницира со другата група во рамки на приватната сфера, туку дека оваа комуникација главно се одвива на работното место. Повеќето испитаници Турци, од друга страна, одговориле дека секојдневно соработуваат со другите заедници во сите сфери на животот. Етничка дистанца кај мал дел од испитаниците постои во поглед на животот во етнички хетерогено соседство и во поглед на можноста за етнички мешани бракови. Поголема дистанца се појавува кон помалите заедници.

Големо мнозинство од испитаниците изразија задоволство во пог-лед на степенот на почитување на правата на нивната заедница, но и на другите заедници.

Испитаниците генерално изразуваат задоволство од влијанието на сите испитувани институции вез меѓуетничките односи. Поголема воздржаност пројавуваат испитаниците Македонци и Турци во поглед на влијанието на бизнис секторот (третина сметаат дека тој нема влијание).

Македонците за најблиска заедница ја сметаат албанската, потоа турската, српската, а за најмалку блиска ромската.

Албанците за најблиска заедница ја сметаат турската, по неа македонската, додека ромската и српската ги сметаат за најмалку блиски.

Турците за најблиска заедница ја сметаат албанската, македонската, а најмалку српската и ромската заедница.

## 5.5 Индексна оцена и препораки

| Општина Врапчиште | 4,4 |
|---|---|
| Локална самоуправа и пристап до јавни услуги | 5,5 |
| Нормативната рамка за почитување на правата на етничките заедници се почитува. | 7 |
| Локалните власти и јавните институции активно работат на промоција на мултикултурализмот на локално ниво. | 4 |
| Обезбеден е еднаков и квалитетен пристап до јавни услуги за граѓаните од различни етнички заедници. | 6 |
| Постои соработка со други чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем | 5,2 |
| Нормативната рамка за изведување наставна дејност со ученици од различни етнички заедници се почитува. | 7 |
| Примена на пристапот на меѓуетничко интегрирано образование. | 6 |
| Фреквенција и квалитет на мултиетнички наставни и воннаставни активности. | 4 |
| Имплементација на програми за промоција на мултикултурализмот. | 5 |
| Посветеност на развивање на интеркултурни компетенции кај учениците во рамки на наставата. | 4 |
| Култура | 3 |
| Постоење на институции/организации посветени на промоција на мултикултурализмот преку културата. | 3 |
| Фреквенција и квалитет на културни настани/активности/проекти за интеретничко зближување. | 3 |
| Соработка меѓу организациите/институциите од доменот на културата и други локални чинители на полето на промоција на мултикултурализмот. | 3 |
| Граѓанско општество и социјална кохезија | 3,8 |
| Посветеност на проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 3 |
| Фреквенција на активности/проекти проекти/активности за промоција на мултикултурализмот. | 4 |
| Постоење на соработка со други релевантни чинители на локално ниво во домен на развивање на мултикултурализам. | 4 |
| Фреквенција и квалитет на интеркултурна комуникација меѓу заедниците. | 4 |

Специфичните околности наметнати од демографската структура и етничка дистрибуција на населението во општина Врапчиште креираат посебни услови за интеракција меѓу граѓаните. Со исклучок на селото Врапчиште, најголем дел од населените места во општината се етнички хомогени средини, со мала процентуална застапеност на помали заедници. Ова имплицира дека главните можности за интеракција меѓу заедниците го вклучуваат селото Врапчиште и центарот на општината, селото Неготино. Од аспект на заложбите

на локалната самоуправа за унапредување на односите меѓу заедниците, ова главно се одвива преку образовниот процес, што ги ограничува овие иницијативи на еден сегмент од населението.
Од аспект на образованието, сите училишта во општината се вклучени во проектот за меѓуетничка интеграција во образовниот процес, што е за пофалба. Во рамките на овој проект училиштата имаат воспоставено соработка со училишта од други општини низ земјата. Особено е важно функционирањето на градинка со развиен пристап за меѓуетничко зближување на децата. Сепак, потребно е повеќе напори да се вложат во унапредување на соработката меѓу училиштата во општината, која сѐ уште останува недоволно развиена. Кога станува збор за создавањето услови за меѓусебно запознавање и дружење меѓу учениците од различни заедници, потребно е да се дестимулира праксата на запишување на ученици од македонска етничка припадност во училишта надвор од општината. На овој начин тие ја губат можноста да се зближат со своите врсници со кои заеднички живеат. Локалните власти, во соработка со училиштата, наставниците и родителите, треба да работат на дестимулација на оваа пракса.

Дополнително, училиштата се соочуваат со низа бариери (просторни, организациски, финансиски) за обезбедување услови за почести и поквалитетни активности за развивање на интеркултурните компетенции на учениците. Сите интервјуирани засегнати чинители од образовниот сектор нагласија потреба од поголемо вклучување во проекти за меѓуетничка интеграција. Во оваа насока, зголемувањето на соработката со граѓанскиот сектор и јакнењето на капацитетите на образовните институции за генерирање средства ќе создаде услови за остварување поголемо и потрајно влијание на полето на зближување на младите од различни етнички заедници.

Општината нема развиен граѓански сектор, додека во сферата на културата дејствува една организација. Во оваа насока неопходно е зајакнување на соработката меѓу релевантните чинители на локално ниво (локална самоуправа, училишта) со граѓански организации и создавање на овозможувачки услови за развој на локален граѓански сектор. Неопходно е и зајакнување на улогата на КОМЗ, како тело кое може да биде партнер во развивањето и имплементацијата на иницијативи за унапредување на односите меѓу заедниците.

**Библиографија**

Буџет на Општина Тетово за 2019 година, достапен на: https://www.tetova.gov.mk/docs/buxhet2019m.pdf

Закон за локалната самоуправа, ("Службен весник на Република Македонија" бр.5 од 29 јануари 2002).

Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 106/2008).

Податоци од Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Статут на Општина Гостивар, достапен на: http://gostivari.gov.mk/mk/%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%82%d1%83%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%b3%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%80/

# 6 Анекс 1. Листа на институции контактирани за потребите на истражувањето

Општина Тетово

1. Претставници од Општина Тетово
2. КОМЗ на Тетово
3. Центар за култура – Тетово
4. Државно музичко училиште – Тетово
5. ОУ „Кирил и Методиј” – Тетово
6. СУ „Моша Пијаде” - Тетово
7. НВО БИРС – Тетово
8. НВО „Лоја” – Тетово

Општина Брвеница

1. Претставници од Општина Брвеница
2. КОМЗ на Брвеница
3. НВО за противпожарна заштита на општина Брвеница
4. ОЈП „Вардар” – Брвеница
5. ОУ „Гоце Делчев”, с. Стенче
6. ОУ „Кочо Рацин”, с. Брвеница
7. ОУ „7 Марси”, с. Челопек

Општина Гостивар

1. Претставник од Општина Гостивар
2. ЈП „Македонски шуми” Гостивар
3. ЈП „Комуналец” Гостивар
4. Галерија „Култ” Гостивар
5. ОУ „Гоце Делчев” Гостивар
6. СУ „Гостивар”
7. НВО Центар за млади – Гостивар
8. НВО Иницијатива за граѓански интеграции
9. НВО „Месечина”

Општина Врапчиште

1. Претставници од Општина Врапчиште
2. ЈП „Пранвера”
3. ОУ „Наим Фрашери”, с. Неготино
4. ОУ „Врапчиште”, с. Врапчиште
5. Претставник од бизнис заедница